**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ДЕЛЧЕВО**

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ДЕЛЧЕВО ЗА 2024 ГОДИНА

**Февруари, 2024**

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ДЕЛЧЕВО ЗА 2024 ГОДИНА

## 1. ВОВЕД

### 1.1 Појдовна основа на Програмата

Заради унапредувањето на безбедноста на сообраќајот на патиштата како работа од општествен интерес, како и развивањето и унапредувањето на сообраќајното образование и воспитување на учесниците во сообраќајот, остварување соработка и координација во развивањето на сообраќајно – превентивната работа и самозаштита, но и заради иницирање и предлагање потребни мерки за поголема безбедност на сообраќајот на патиштата, во Република Северна Македонија функционира Републичкиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, а во општините и градот Скопје – општински совети за безбедност на сообраќајот на патиштата, односно Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во градот Скопје, како функционален дел на Републичкиот совет.

Во рамки на Проектот за поврзување локални патишта (P170267) кој се реализира со заем бр.9034-МК од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, беше обезбедена техничка помош за реализација на проектната активност „Преглед на капацитетите за управување со безбедноста во сообраќајот и подобрување на капацитетите за управување на сообраќајот на локално ниво“ (LRCP-9034-MK-CS-CQS-A.1.2.3) која се спроведуваше од страна на конзорциумот PLANET SA, Грција и SUEZ Consulting (SAFAGE), Белгија преку Единицата за имплементација на проекти на Министерството за транспорт и врски, каде Општина Делчево беше избрана за пилот-ЕЛС и склучи Договор со Министерството за транспорт и врски за имплементација на активностите за операционализација на институционални промени за управување со безбедноста во сообраќајот. Во оваа активност со техничка помош од страна на Консултантот беше изработена Стратегија за безбедност на патиштата за период 2023- 2027 за подрачјето на Општина Делчево со Акциски план за спроведување мерки и активности распределени во петте елементи од Пристапот до безбеден систем преку кои се очекува да се постигнат утврдените крајни цели во вид на намален број сообраќајни незгоди со смртни последици и тешки телесни повреди. Оваа Стратегија беше усвоена со Заклучок бр.09-1414/1 од 01.07.2023 годинана 25 Седница на Советот на Општина Делчево.

Глобалниот план на Декадата за акција за безбедност во сообраќајот 2021-2030 кој е развиен од Светската здравствена организација и Регионалните комисии на Обединетите нации во соработка со партнерите во ОН за соработка поврзана со БСП и други засегнати страни како водечки документ за поддршка на имплементацијата на Декадата за акција и нејзините цели и ги повикува носителите на одлуки, нивните партнери и соработници на национално и локално ниво да го применат интегрираниот Пристап до безбеден систем преку кој би се остварила главната цел на Декадата – 50% намалување на сообраќајните незгоди со смртни последици и тешки телесни повреди до 2030 година.

Една од потребите за имплементација во овој Глобален план е и овозможување родова перспектива во транспортното планирање. Прашањата за безбедноста во сообраќајот на патиштата се применуваат различно на жените и мажите во зависност од нивното однесување, физичките и социјалните причини. Покрај високата ранливост на жените во сообраќајни незгоди тие, исто така, имаат поголеми шанси да загинат од повреди во споредба со мажите. Жените во сообраќајни незгоди загинуваат во различни услови најчесто како пешаци и патници во возилото отколку како возачи на возило или моторцикл. Ова делумно го одразува поголемиот број моторизирани патувања извршени од мажите.Тоа, исто така, ги одразува и половите разлики во преземањето ризици. Доказите сугерираат дека мажите возачи се поврзани со 2 до 4 пати поголем ризик на км отколку жените. Големи разлики помеѓу половите се забележани и во моделите на повреди на патиштата каде жените имаат 47% поголем ризик за тешка телесна повреда во сообраќајните незгоди од мажите. Внатрешните родови разлики во скелетот може да биде една од можните причини за поголема инциденца на повреди кај жените.

При имплементација на пристапот до безбеден систем потребно е да се земе предвид и следново:

- Рамките на транспортната политика мора да обезбедат поволна средина и за мажите и за жените да споделуваат безбедна, сигурна, достапна, доверлива и одржлива мобилност и недискриминаторско учество во транспортот;
- Повеќе жени мора да бидат вклучени во транспортниот сектор и неговите процеси - како оператори во транспортните системи, како носители на одлуки во развојот на регулаторните и политичките системи, како инженери и дизајнери, и насекаде помеѓу; и
- Потребен е поголем фокус на родовите разлики во однос на дизајнот и изградбата на сите аспекти на транспортната инфраструктура. На пример, дизајнот на возилото треба да се модифицира за да се приспособат на разликите во ергономијата меѓу половите - куклата EvaRID е добар пример за тоа како тоа може да се постигне кога е успешно потврдено за регулаторно тестирање.[1]

Општина Делчево како соработник во проектот „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспаретно, инклузиво и отчетно управување во Република Северна Македонија,“ финансиран и поддржан од Швајцарија и Шведска, спроведуван од UN Women, е во тек на имплементација на родовата сензибилизација на локалните планови и програми и воведување на родово одговорно буџетирање.

Оваа Програма на ОСБСП Делчево претставува флексибилен документ во кој се пренесени индентификуваните приоритети од Акцискиот план на горенаведената Стратегија, каде носител на одговорноста за реализација на мерките и активностите е Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата - Делчево.

[1] *Извор: Глобален План за Декадата за акција на безбедност во сообраќајот 2021-2030, објавен од Светската здравствена организација.*

### 1.2 Законска основа

Согласно член 371 и 374 од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 98/19, 302/20 и 122/21), како и согласно член 3 од Деловникот за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, а со цел подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во општина Делчево.

Годишната програма за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево за 2024 година е изработена врз основа на законските надлежности на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, Деловникот за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, Одлуката за формирање на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево и Стратегијата за безбедност на патиштата со Акциски план за општина Делчево и е во функција на реализација на нејзините дефинирани задачи.

Годишната програма на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата – Делчево предвидува реализација на активности за унапредување на сообраќајното воспитување и образование во училиштата и спроведување сообраќајно воспитни акции и манифестации, активности за унапредување на безбедноста на патиштата во Општина Делчево, активности за сообраќајно техничко уредување во сообраќајот, активности за заштита на ранливите категории на учесници во сообраќајот, превентивно – промотивни активности во безбедноста во сообраќајот, активности за научно-истражувачки работи од областа на безбедноста во сообраќајот на патиштата и други активности поврзани со безбедноста на сообраќајот во Општина Делчево.

Оваа Програма се повикува и на Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ бр.201/2015) и Законот за изменување на законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РСМ“ бр.53/2021) преку кој се воспоставуваат еднаквите можности на жените и мажите во областите утврдени во самиот Закон од страна на субјектите кои имаат обврска да ги воспостават, помеѓу кои и единиците на локална самоуправа. Исто така се повикува и на Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево 2023-2026.

Органите на единиците на локална самоуправа кои се должни по закон да прибираат, евидентираат и обработуваат статистички податоци, исто така, се должни овие податоци да ги прикажуваат според полова припадност.

Согласно погоре наведеното, со оваа Програма се опфатени мерки и активности со планирано финансирање, преку кои се очекува подобрување на безбедноста во сообраќајот на патиштата, а кои се однесуваат подеднакво и на жените и на мажите (девојчињата и момчињата) жители на Општина Делчево.

## 2. БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА – ПОСАКУВАНА СОСТОЈБА

Со донесувањето на Стратегијата за безбедност на патиштата и Акцискиот план 2023-2027 се овозможува стратешко управување со безбедноста во сообраќајот на локално ниво, а кое воедно служи за постигнување на следните цели:

- Намалување на бројот на загинати во сообраќајни незгоди на 1 смртен случај до 2027 година;
- Нула смртни случаи во сообраќајни несреќи до 2030 година;
- Намалување на бројот на тешко повредени лицаво сообраќајни незгоди за 50% до 2027 година во однос на 2021 година; и
- Намалување на бројот на тешко повредени лица во сообраќајни незгоди за 50% до 2030 година, споредено со 2027 година.

Акцискиот план за безбедност во сообраќајот содржи основни мерки и активности, чија реализација треба да овозможи подобрување на безбедносната состојба во сообраќајот, изразена во вид на намален број сообраќајни незгоди и нивните последици.

Унапредувањето на безбедноста во сообраќајот претставува континуиран и сложен процес кој ги распределува клучните елементи за безбедност во сообраќајот во систем преку кој се заштитува човечкиот живот.

Овие прецизно дефинирани активности, се структурирани според петте елементи (столбови) на безбедност во сообраќајот од Пристапот до безбеден систем (Safe System Approach).

Тука припаѓаат:
- Елемент 1 Управување со безбедноста на патиштата и мобилност,
- Елемент 2 Побезбедни патиштаи улици во град/општина,
- Елемент 3 Побезбедни возила,
- Елемент 4 Побезбедни учесници во сообраќајот/корисници на побезбедни патишта,
- Елемент 5 Активности по незгодата/ грижа после сообраќајни незгоди.

- **Активности и мерки Столб 1: Управување со безбедноста на патиштата и мобилност**

Во овој столб за реализација се предвидени тековните активности на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, како на пример: седници, состаноци, извештаи, одлуки, заклучоци, планови итн., преку кои би се реализирале програмските активности.

- **Активности и мерки Столб 2: Побезбедни патишта и улици во град/општина**

Во овој столб за реализација се предвидени активности, каде ОСБСП учествува со давање препораки и поддршка на мерките и активностите, каде главен носител на активностите е ЕЛС Делчево врз основа на надлежностите кои ги има согласно со закон. За реализација од страна на ОСБСП- Делчево во овој елемент е предвидено:
- Едукација на населението за важноста на пристапните улици и последиците од ненавремено пристигнување на службите за итна помош.

- **Активности и мерки Столб 3: Побезбедни возила**

Во овој столб за реализација се предвидени активности кои се однесуваат на безбедни возила:

- Обележување на земјоделска механизација; и
- Едукација на возачите на транзитните тешки товарни возила – ТТВ.

- **Активности и мерки Столб 4: Побезбедни учесници во сообраќајот/корисници на побезбедни патишта**

Во овој столб за реализација се предвидени поголем број активности зависно од целните групи односно учесниците во сообраќајот и тоа:

- Формирање сообраќајни патроли на граѓани училишни сообраќајни единици во рамки училишта во Општина Делчево;
- Мерки за едукација – кампањи;
- Контроли за почитување на сообраќајната сигналзиација;
- Работилници за децата од предучилишна возраст;
- Предавања, работилници и натпревари за учениците од ООУ;
- Предавања, работилници и натпревари за учениците од СОУ;
- Работилници за безбедно учество во сообраќајот за лицата со посебни потреби од Дневниот центар за лица со посебни потреби во Делчево; и
- Организирање на сообраќајни квизови за деца.

- **Активности и мерки Столб 5: Активности по незгодата/ грижа по сообраќајни незгоди**

Во петтиот столб кој ги опфаќа активностите за грижа по незгода се утврдени следниве активности:

- Меморандум за координација и соработка помеѓу надлежните институции при сообраќајни незгоди; и
- Протокол за постапување од страна на службите при сообраќајни незгоди.

## 3. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

**Општа цел:**

Преку оваа Програма за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Делчево се овозможува реализација на активности и мерки преку кои би се влијаело на подигнување на јавната свест за безбедноста во сообраќајот и би се поттикнало одговорното учество во сообраќајот од страна на сите жители (жени, девојчиња, мажи и момчиња) во Општина Делчево.

**Специфични цели:**

1. унапредување на работите поврзани со безбедноста на сообраќајот на патиштата во општина Делчево;
2. унапредување на сообраќајното воспитување и образование на учесниците во сообраќајот и развивање на сообраќајно-образовната работа на предучилишните установи и училиштата;

3. остварување соработка и координација во превентивната работа на државните органи, институциите, правните лица и други субјекти по прашањата на самозаштита во областа на безбедноста во сообраќајот;
4. организирање и учество во сообраќајно – воспитни акции и манифестации од областа на сообраќајната превентива;
5. поттикнување, развивање и помагање на научно – истражувачка работа во областа на сообраќајот на патиштата;
6. организирање научни и стручни собири за работи од областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата; и
7. соработка со средствата за јавно информирање, заради навремено, целосно и објективно информирање на јавноста за мерките за унапредување на сообраќајната превентива и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

## 4. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

### 4.1 Анализа на податоците за СН за изминатата 2023 година

Согласно добиените податоци од МВР ПС ОН Делчево и Извештајот за реализирани активности каде во прилог е и Анализата на сообраќајните незгоди на подрачјето на општина Делчево за изминатата 2023 година, во општина Делчево се имаат случено 47 сообраќајни незгоди - СН во кои учествувале 78 лица. Од нив 2 лица загинале, 7 лица се здобиле со тешки телесни повреди, 33 лица се здобиле со телесни повреди, а 36 лица биле без повреди. Според родовата припадност во 10 сообраќајни незгоди учествувале жени од кои 3 се здобиле со телесни повреди, а 8 биле без повреди; во 35 СН учествувале мажи од кои 2 лица загинале, 38 се здобиле со телесни повреди, а 25 биле без повреди; и во 2 СН учествувале 2 НН лица кои биле без повреди.

Согласно причината за настанување на сообраќајните незгоди најголем број СН имаат настанато поради недржење на страна и правец при движење – 31, потоа поради движење со неприлагодена брзина – 6, непочитување на правото на првенство на минување – 4, не држење на соодветно растојание помеѓу возилата – 2, неправилно изведување на дејствие со возило – 2 и останати – 2. Во СН каде учествувале жени причина за настанување на СН се: недржење на страна и правец при движење – 5, потоа движење со неприлагодена брзина – 3, непочитување на правото на првенство на минување – 1 и не држење на соодветно растојание помеѓу возилата – 1.

Во 15 од вкупно 47 сообраќајни незгоди возачот бил под дејство на алкохол, помеѓу кои и 1 жена.

Согласно податоците од МВР кои се однесуваат на бројот на регистрирани возила во 2020 година распределени по пол на име на физички и правни лица: 3390 возила се регистрирани на мажи, 395 возила се регистрирани на жени, а 437 возила се регистрирани на правни лица.

Согласно податоците за издадени возачки дозволи по категории по прв пат во 2020 год. по пол во Делчево:

-категорија А, мажи  - 1;

-категорија А1, мажи  - 4;

-категорија Б, жени - 189; мажи - 135;

-категорија Ц, маж – 1; и

-категорија Ц1, маж – 1.

Од овие податоци може да види дека поголемиот број патувања на подрачјето на општина Делчево се извршуваат од страна на мажи возачи, иако врз основа на податоците за издадени возачки дозволи за прв пат по категории се забележува тренд на зголемување на бројот на жени кои се здобиле со правото за управување на моторно возило од категоријата Б.

### 4.2 Анализа на податоците од кампањата „Се движиме безбедно“

Согласно Извештајот за резализирани активности во рамки на кампањата СЕ ДВИЖИМЕ БЕЗБЕДНО во текот на месеците Ноември и Декември 2023 година со сообраќајно едукативните предавања во образовните институции беа опфатени: во детската градинка „Весели Цветови“ децата од предшколските групи односно 35 девојчиња и 31 момче, во основните училишта „Св.Климент Охридски“ и „Ванчо Прќе“ учениците од прво и второ одделение во централните училишта односно 91 девојче и 95 момчиња, во подрачните училишта во населените места Габрово, Ѕвегор, Стамер, Град, Вирче, Тработивиште и Разловци на овие предавања присуствуваа учениците од прво до петто одделение односно 34 девојчиња и 38 момчиња, на предавањето во СОУ „Методи Митевски Брицо“ присуствуваа 35 девојчиња и 6 момчиња, односно со овие предавања беа опфатени вкупно 365 ученици од кои 195 девојчиња и 170 момчиња. На работилницата во Дневниот центар присуствуваа 12 лица од кои 3 женски и 9 машки.

Во активноста за контрола и едукација на возачите на транзитни тешки товарни возила во оваа кампања беа опфатени 6 возачи - машки лица.

Во текот на месеците октомври и ноември се изврши прибирање на индикатори кои се насочени кон однесувањето на пешаците и возачите во близина на пешачките премини, а на 10-те посебно дефинирани локации од Планот. Индикаторите кои беа насочени кон однесувањето на пешаците и возачите во сообраќајот во близина на пешачките премини на 10 дефинирани локации, резултатите се следниве:

- пешаци кои преминале на пешачки премин: жени-191/девојчиња-135 вкупно 326, мажи-92/момчиња-129 вкупно 221, вкупно пешаци 547;
- пешаци кои преминале надвор од пешачки премин: жени-86/девојчиња-24 вкупно 110 и мажи-98/момчиња-39 вкупно 137, вкупно пешаци 247;
- возачи кои застанале пред пешачки премин за да пропуштат пешак: 64 возачи, од нив 17 се жени, а 47 се мажи;
- возачи кои не застанале на пешачки премин за да пропуштат пешак: 58 возачи, од нив 3 се жени, а 55 се мажи.

При вршење на контроли од страна на сообраќајната полиција за движењето на пешаците, но и со насочени контроли за брзината на движење на возилата по улиците кои ги користат учениците за патување кон училиштата (маршрутата на детските пешачки токови), согласно добиените податоци од страна на Сообраќајната полиција за времетраење на капањата односно во месецот ноември за прекршокот брзина се санкционирани 118 лица (110-мажи и 8-жени) од кои 10 се упатени на сообраќајна поука за брзина, а 3 лица за прекршок што го прават пешаците, а во месец декември за прекршокот брзина се санкционирани 92 лица (85-мажи и 7-жени) од кои 7 се упатени на сообраќајна поука.

### 4.3 Анализа на податоците од Анкетата за употреба на возилата за микромобилност

Согласно Извештајот за реализираната кампања за „Микромобилност и безбедно учество во сообраќајот“ и прилогот 1 каде се обработени податоците од спроведената Анкета за употреба на возилата за микромобилност покрај другите се добиени и следниве резултати: бројот на прегледи на објавената Анкета на веб страницата изнесува 243, додека бројот на лица кои ја пополниле Анкетата изнесува 13, што значи дека само 5% од лицата кои ја имаат прегледано објавата ја пополниле Анкетата, од кои 92,3% се женски, а 7,7% се машки.Од лицата кои ја пополниле Анкетата 53,8% се на возраст од 41 до 60 години, 30,8% се на возраст од 21 до 40 години и 15,4% се на возраст до 20 години. Од овие податоци може да се види интересот за вклучување на жените во активностите на општината, но поради малиот број испитаници овие податоци не можеме да ги сметаме за релевантни. Од тие причини се заклучува дека е потребно да се направи контролна анкета за истата тема за одреден временски период и тоа по спроведени активности од Програмата за односи со јавност и промоција на Општина Делчево со цел поголем број граѓани да ја пополнат анкетата за да се добие објективен и валиден резултат.

## 5. ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2024

Финансиските средства за организација и реализација на активностите од Годишната програма за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево за 2024 година, ќе бидат финансирани, односно обезбедени од Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, а согласно Програма за работа на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата за 2024 година.

## 6. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Следењето на безбедноста во сообраќајот односно мониторингот е незаменлив сегмент од управувањето со безбедноста во сообраќајот. Генерално, за управување со безбедноста во сообраќајот на оптимален и одржлив начин, потребно е постојано да се анализира тековната состојба, да се дефинираат посакуваните (реални) цели и да се преземат оптимални мерки и активности за управување што ќе ја доближат моменталната состојба што е можно поблиску до посакуваната. Мониторингот на оваа Програма ќе биде вршен од страна на Секретарот и членовите на Општинскиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево.

Евалуацијата која е претставува систематска и цела проценка за тековни и завршени проекти или програми, нивната имплементација и резултати и ја определува релевантноста и исполнувањето на целите, ефикасноста, ефективноста, влијанието и одржливоста ќе се врши еднаш годишно, на крајот на имплементацијата на Програмата. При тоа ќе биде изработен и Извештај за реализација на Програмата кој ќе биде презентиран и даден на усвојување на Советот на Општина Делчево.

| Бр. | Активности | Цел и опис на активност | Реализација | Период | Очекувани резултати | KPI Индикатор | Планирани Финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **СТОЛБ 1: УПРАВУВАЊЕ СО БЕЗБЕДНОСТА НА ПАТИШТАТА И МОБИЛНОСТ** | | | | | |
| 1.1 | Организирање и одржување на седниците на Советот за безбедност во сообраќајот на патиштата Делчево како и одржување на состаноци на работните групи кои се во состав на Советот | Реализација на програмските активности на Советот за безбедност на сообраќајот на патиштата како и на работните групи предвидени за тековната 2024 година | Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, други засегнати страни | Во текот на 2024 година, во зависност од потребите за реализација на активностите предвидени со годишната програма | Подигнување на свеста и поголеми знаења за унапредување на безбедноста во сообраќајот на патиштата | Годишен Извештај на ОСБСП | 60 000 денари |
| 1.2 | Изработка на акциски план за преземање на активности за реализација на мерки за унапредување на безбедноста во сообраќајот на патиштата во општина Делчево | Дефинирање мерки, одредување надлежни органи за извршување на активноста, индикатори за оцена на ефикасноста на мерката и проектиран буџет за реализација на мерката | Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево | Тековно во 2024 година | Долгорочно и трајно подобрување на безбедноста во сообраќајот на патиштата | Годишен Извештај на ОСБСП | / |
| | | **СТОЛБ 2: ПОБЕЗБЕДНИ ПАТИШТА/УЛИЦИ ВО ГРАД/ОПШТИНА** | | | | | |
| 2.1 | Едукација на населението за важноста на пристапните улици и последиците од ненавремено пристигнување на службите за итна помош | Организирање и спроведување едукативни предавања во урбаните и месни заедници во општината со присутни службени лица од итните служби | Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево | Тековно 2024 | Долгорочно и трајно подобрување на пристапноста за итните служби | Број на спроведени предавања | / |
| | | **СТОЛБ 3: ПОБЕЗБЕДНО ВОЗИЛО** | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.1 | Обележување на земјоделска механизација | Прибирањена подотоци од терен за необележана ЗМ, анализа на податоците, набавка на катадиоптри, ретрорефлектирачки ленти и ротациски светла, кампања за обележување на ЗМ, со цел зголемување на свеста кај корисниците на трактори и земјоделска механизација за безбедно учество во сообраќајот | Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, ЕЛС Делчево, МВР, СТПВ и месни заедници | Тековно 2024 | Безбедно учество во сообраќајот | Број на обележана земјоделска механизација | 60 000 денари |
| 3.2 | Едукација на возачите на тешки товарни возила – ТТВ (со акцент на транзитните) | Организирање на активноста, превентивни контроли со предупредување и материјали за подигнување на свеста за одговорно учество во сообраќајот (со акцент на населените места) | Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Делчево, МВР СП, Гранична полиција | Тековно 2024 | Безбедно учество во сообраќајот | Број на контролирани возила и возачи (ж/м) | 20 000 денари |
| **СТОЛБ 4: КОРИСНИЦИ НА ПОБЕЗБЕДНИ ПАТИШТА** | | | | | | | |
| 4.1 | Формирање сообраќајни патроли на граѓани и училишни сообраќајни единици | Создавање поволни услови во безбедноста на сообраќајот на патиштата, унапредување на сообраќајната култура и превентивно делување кај децата како учесници во сообраќајот | Општински Совет за безбедност во сообраќајот на патиштата Делчево, училишта во Делчево, МВР, автошколи, граѓани | Почеток на учебна година 2024/2025 година, до завршување на прво полугодие | Учениците би се стекнале со практични знаења од областа на безбедноста и со тоа би помогнале за превенција во сообраќајот и за развивање на сообраќајната култура | Усвоена Одлука за формирање на сообраќајнит е единици | 40 000 денари |
| 4.2 | Мерки за едукација - кампањи | - кампања за користење на заштитна кацига<br>- кампања за користење ан детско седиште | Општински Совет за безбедност во сообраќајот на | Тековно 2024 | Зголемување на безбедноста во сообраќајот преку | Број на извештаи за реализирани кампањи | 180 000 денари |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | - кампања за почитување на пешачките премини<br>- кампања за користење на појаси в возилото<br>- кампања за елимирање на агресивното (брзо) возење<br>- кампања за користење на паркиралиштата<br>- кампања за користење на пешачките премини<br>- кампања за користење на тротоарите<br>- кампања за учество во сообраќајот без употреба на алкохол и други психотропни супстанции<br>- кампањи за микромобилност и безбедно учество во сообраќајот<br>- кампањи за управување на возила со возачка дозвола од соодветната категорија (А, Б итн), а за мобилна машина, трицикл, лесен четирицикл, мотокултиватор, велосипед со помошен мотор и мопед управување со положен возачки испит<br>- обезбедување на модуларен полигон за деца<br>- одбележување на Светскиот ден за сеќавање на жртвите во сообраќајни незгоди | патиштата Делчево, МВР СП, ООУ, СОУ, детска градинка, автошколи, граѓани, граѓански здруженија и др. | | подигнување на јавната свест за почитување на правилата и прописите | | |
| 4.3 | Контроли за почитување на сообраќајната сигнализација | Утврдување на локации, контроли со МВР СП на терен и извештаи/записници за извршени контроли | ОСБСП, МВР ПС, медиуми | Тековно 2024 | Безбедно учество во сообраќајот | Број на возачи кои биле контролирани (ж/м) | / |
| 4.4 | Работилници за децата од | Селекција на теми за | ОСБСП, Детска | Тековно 2024 | Безбедно | Број на деца | 3 000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | предучилишна возраст | работилниците, организирање на работилниците, реализација во соработка со училиштата, презентирање на резултати активностите | градинка „Весели цветови“, медиуми | | учество во сообраќајот и проширување на знаењата | (д/м) | денари |
| 4.5 | Предавања, работилници и натпревари за учениците од ООУ | Селекција на теми за работилниците, организирање на предавања, работилници и натпревари, реализација во соработка со училиштата, презентирање на резултати активностите | ОСБСП, ООУ „Ванчо Прке“ и „Св.Климент Охридски“, медиуми | Тековно 2024 | Безбедно учество во сообраќајот и проширување на знаењата | Број на деца – ученици (д/м) | 30 000 денари |
| 4.6 | Предавања, работилници и натпревари за учениците од СОУ | Селекција на теми за работилниците, организирање на предавања, работилници и натпревари, реализација во соработка со училиштата, презентирање на резултати активностите | ОСБСП, СОУ „Методи Митевски Брицо“, медиуми | Тековно 2024 | Безбедно учество во сообраќајот и проширување на знаењата | Број на ученици (д/м) | 30 000 денари |
| 4.7 | Работилници за безбедно учество во сообраќајот за лицата со посебни потреби од Дневниот центар за лица со посебни потреби во Делчево | Селекција на теми за работилниците, организирање на работилниците, реализација во соработка со Дневниот центар за лица со посебни потреби, презентирање на резултати од активностите | ОСБСП, Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа - Дневен центар за лица со посебни потреби во Делчево, медиуми | Тековно 2024 | Безбедно учество во сообраќајот и проширување на знаењата | Број на спроведени работилници со број на учесници (ж/м) | 5 000 денари |
| 4.8 | Организирање на сообраќајни квизови за деца | Селекција на теми за квизовите, организирање и релизација на квизовите, доделување на награди, презентирање на резултати од активностите | ОСБСП, Училишта | Тековно 2024 | Безбедно учество во сообраќајот и проширување на знаењата | Број на спроведени квизови | 10 000 денари |
| **СТОЛБ 5: ГРИЖА ПО СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ** | | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.1 | Меморандум за кооординација и соработка помеѓу надлежните институции при СН | Изработка, потпишување и примена на меморандумот за соработка | ОСБСП,4ИМП, ТППЕ, РЦУК, МВР, ЕЛС–Општина Делчево | Тековно 2024 | Подобра соработка и координација помеѓу надлежните институции при СН | Број на потпишани меморандуми | / |
| 5.2 | Протокол за постапување од страна на службите при сообраќајни незгоди | Изработка и донесување протокол за постапување на службите при СН врз основа на важечката законска регулатива | ОСБСПИМП, ТППЕ, МВР ПС | Февруари 2024 до Декември 2024 | Професионално и брзо реагирање на службите | Усвоен протокол | / |

- ж/м – жени / мажи
- д/м - девојчиња / момчиња

01.03.2024 година
Делчево

ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ДЕЛЧЕВО
Претседател
Билјана Прачкоска

Изработил:
Секретар на ОСБСП Делчево
Николина Петровска Мавродиева, дси